ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

# СООПШТЕНИЕ

ОПШТИНА ВЕЛЕС ЈА ИНФОРМИРА ЈАВНОСТА ДЕКА, ВТОРОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДЕ НА ДЕН **01 ЈУЛИ 2024 ГОДИНА (ПОНЕДЕЛНИК),** ВО ПЕРИОДОТ ОД **05:00** ДО **08:00** ЧАСОТ. ДОКОЛКУ ВРЕМЕНСКИТЕ УСЛОВИ НЕ ДОЗВОЛАТ ИЗВРШУВАЊЕ НА АВИОНСКО ПРСКАЊЕ, АКТИВНОСТА СЕ ОДЛОЖУВА ЗА НАРЕДНИОТ ДЕН **02 ЈУЛИ 2024 ГОДИНА (ВТОРНИК)**.

ГРАНИЦАТА, НА ТРЕТИРАЊЕТО Е: **ЕЗЕРО МЛАДОСТ**, с. **ОТОВИЦА**, месност **ЈАРБОШ**, ПО ТЕЧЕНИЕТО НА **ВАРДАР** ОД СЕВЕР ОД с. **БАШИНО СЕЛО** НИЗ ВЕЛЕС, СЕ ДО ВЛИВОТ НА РЕКАТА **БАБУНА** И с. **ГОРНО КАРАСЛАРИ**.

НА ЗАПАД ГРАНИЦАТА ЗАПОЧНУВА ОД НАСЕЛБАТА **ПРЕВАЛЕЦ**, ПРЕКУ НАСЕЛБАТА **КЕРАМИДНА** КОН ФАБРИКАТА „**КИРО ЌУЧУК**“ И с. **ГОРНО ОРИЗАРИ**.

**СО ТРЕТИРАЊЕТО ЌЕ БИДЕ ОПФАТЕНО ЦЕЛОТО ГРАДСКО И ПРИГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, КАКО И ЦЕЛОТО ТЕЧЕНИЕ НА РЕКАТА ВАРДАР НА ОВОЈ ПОТЕГ. И ОВАА ГОДИНА ЌЕ СЕ ТРЕТИРА РЕКРЕАТИВНИОТ ЦЕНТАР ЕЗЕРО МЛАДОСТ СО НЕПОСРЕДНАТА ОКОЛИНА.**

ТРЕТМАНОТ СЕ ВРШИ СО СРЕДСТВО AKVA K–OTHRINE 2 EW, БИОЦИДЕН ПРОИЗВОД НА ПРОИЗВОДИТЕЛ BAYER ENVIRONMETAL SCIENCE SAS, ОД ФРАНЦИЈА. ОДОБРЕНО ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, БРОЈ НА РЕШЕНИЕ 03-162/1 ОД 15.04.2021 ГОДИНА.

СЕ ИЗВЕСТУВААТ ПЧЕЛАРИТЕ ВО ВРЕМЕТО НА ТРЕТИРАЊЕ И **3-4 ЧАСА ПОТОА ДА ГИ ЗАТВОРАТ КОШНИЦИТЕ СО ПЧЕЛИ,** ЗАРАДИ МОЖНОСТА ОД ВЛИЈАНИЕ НА СРЕДСТВОТО СО КОЕ СЕ ВРШИ ТРЕТИРАЊЕТО ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ПЧЕЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА.

Со почит,

Општина Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*